**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 32/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18 и 140/18), а во врска со член 12 и член 45 став 1 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните („Службен весник на Република Македонија" бр.81/05), член 192 од Изборниот законик и Упатството за медиумско претставување за време на референдум бр. 01-3764/1 од 17.08.2018 година, се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 02-10-2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4333 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)

1. **Вид надзор**: Надзор над медиумското претставување за време на референдум

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот**: од 21 до 27 септември 2018 година

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 2 октомври 2018 година

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Точка 34 од Упатството за медиумско претставување за време на референдум, а во врска со член 76 став 4 од Изборниот законик** („Платена јавна пропаганда не смее да се емитува во: дневно-информативни емисии, во посебните информативни програми, како и за време на директни преноси на верски, спортски, културни, забавни и други настани.")

6. **Констатации од надзорот:**

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван во периодот од 21 до 27 септември 2018 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на точка 34 од Упатството за медиумско претставување за време на референдум.**

Радиодифузерот емитуваше платена јавна пропаганда за референдумот два пати во текот на два посебни сегменти на „Отворено Студио 1" од 26 септември 2018 година. Рекламните спотови емитувани во двата рекламни блока на „Платена јавна пропаганда" се од кампањата „Излези ЗА европска Македонија" чиј нарачател е Собранието на Република Македонија.

*Посебна информативна програма „Отворено Студио 1"*

На 26 септември 2018 година, во посебната информативна програма „Отворено Студио 1", во периодот од 17 часот 1 минута и 12 секунди до 18 часот и 10 секунди емитувана е дебата со Катерина Колозова и со Димитар Апасиев. Во текот на дебатата, во периодот од 17:39:53 до 17:44.34, емитуван е блок

со платена јавна пропаганда со четири рекламни спота „Излези ЗА европска Македонија" чиј нарачател е Собранието на Република Македонија.

**26.09.2018**

| Период на емитување на посебната информативна програма „Отворено Студио 1" 17:01:12-18:00:10 | | |
|---|---|---|
| **Период на емитување на рекламирањето** | **Вкупно времетраење** | **Нарачател** |
| 17:39:53 – 17:41:36 | 00:01:43 | Собрание на РМ Референдум „ЗА" |
| 17:41:42 – 17:42:35 | 00:00:52 | |
| 17:42:41 – 17:44:20 | 00:01:39 | |
| 17:44:26 – 17:44:34 | 00:00:08 | |

Во истото издание на посебната информативна програма „Отворено Студио 1", во периодот од 21 часот 2 минути и 42 секунди до 21 часот 59 минути и 20 секунди, емитуван е разговор во студио со Стево Пендаровски, национален координатор за НАТО и со Стефан Богоев, градоначалник на Општина Карпош. Во текот на разговорот, во периодот од 21:31:50 до 21:36:46 часот, емитуван е блок со платена јавна пропаганда со шест рекламни спота „Излези ЗА европска Македонија" чиј нарачател е Собранието на Република Македонија.

**26.09.2018**

| Период на емитување на посебната информативна програма „Отворено Студио 1" 21:02:42-21:59:20 | | |
|---|---|---|
| **Период на емитување на рекламирањето** | **Вкупно времетраење** | **Нарачател** |
| 21:31:50 – 21:33:24 | 00:01:34 | Собрание на РМ Референдум „ЗА" |
| 21:33:30 – 21:34:00 | 00:00:30 | |
| 21:34:06 – 21:34:29 | 00:00:23 | |
| 21:34:35 – 21:35:28 | 00:00:53 | |
| 21:35:34 – 21:36:32 | 00:00:58 | |
| 21:36:38 – 21:36:46 | 00:00:08 | |

## 7. Опис на прекршувањето:

Спротивно на одредбите од **точка 34 од Упатството за медиумско претставување за време на референдум, а во врска со член 76 став 4 од Изборниот законик**, програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, на 26 септември 2018 година, во два наврати емитуваше платена јавна пропаганда за референдумот во посебната информативна програма „Отворено Студио 1".

## 8. Предлог-мерка:

Директорот на Агенцијата, согласно член 76-в став 4 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 32/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18 и 140/18), а во врска

со член 45 став 1 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните („Службен весник на Република Македонија" бр.81/05), член 192 од Изборниот законик и точка 43 од Упатството за медиумско претставување за време на референдум, против радиодифузерот - Трговско радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, да покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд во рок од 48 часа по утврдувањето на прекршувањето.

***Сектор за програмски работи***